АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ



# *NEWSLETTER*

**Април 2024** **Бр.4**

## Претставници на ОБСЕ/ОДИХР во работна посета на АВМУ



Делегација на набљудувачката мисија на ОБСЕ/ОДИХР, предводена од амбасадорката Џилиан Стирк, на 4 април беше во работна посета на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Главна тема на состанокот беше работата на Агенцијата за време на Претседателските и на Парламентарните избори 2024 година, вклучувајќи ја правната рамка за изборното медиумско претставување, како и начинот на кој се реализира мониторингот на радиодифузерите во овој период. Исто така, амбасадорката ја информираше Агенцијата за целите и опфатот на мисијата на ОБСЕ/ОДИХР за време на изборите.

## Одржана панел дискусија посветена на политичкото рекламирање и интегритетот на изборите



Во организација на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС) на 3 април се одржа панел дискусијата „Политичкото рекламирање и интегритетот на изборите“. Целта на настанот беше да се поттикне меѓу-институционален дијалог за предизвиците на изборниот интегритет во однос на политичкото рекламирање.
На отворањето на настанот се обратија директорот на АВМУ, д-р Зоран Трајчевски и Јоана Косма, директорка на ИФЕС во РСМ. Исто така на настанот земаа учество повеќе засегнати страни кои дискутираа за различните аспекти на медиумското опкружување за време на изборите.

Претставници на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Државниот завод за ревизија, Државната изборна комисија и Државната комисија за спречување на корупција дискутираа за предизвиците во правната рамка за платено политичко рекламирање, искуствата од претходните изборни процеси и факторите кои влијаат на поткопување на транспарентноста на политичкото рекламирање.

Во делот посветен на политичкото рекламирање во новите законодавни иницијативи на Европската Унија, претставниците на европските регулаторни тела за медиуми од Италија и Словачка, споделија информации за правилата за регулирање на политичкото рекламирање во зајакнатиот кодекс против дезинформации од 2022 година и регулативата за транспарентност и таргетирање на политичкото рекламирање.

## Претседателски и Парламентарни избори 2024

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 16 април го објави Вториот извештај од мониторингот на медиумското претставување за Претседателските и Парламентарните избори, за периодот од 8 март до 3 април 2024 година. Мониторингот ги опфати програмските сервиси на девет национални програмски сервиси – МРТ1; МРТ2; ТВ Алсат-М; ТВ Алфа; ТВ Канал 5; ТВ Сител; ТВ Телма; ТВ 24 Вести и ТВ 21-М, со фокус на прилозите во централните изданија на вестите/ТВ дневникот што се поврзани со теми за предизборието и со домашните актуелни општествено-политички случувања, како и другите видови емисии од овој тематски делокруг.

Очекувано, во редовните програмски термини за дебати и интервјуа беа присутни темите за претседателските кандидати, при што основната тема беше ставањето на кандидатот Стевчо Јакимовски на „црната листа“ на САД. Во вестите, покрај меѓупартиските обвиненија и партиски шпекулации беа присутни и критички новинарски прилози за непосредните, тековни проблеми кои содржеа експертско, правно-економско предупредување како и граѓански или синдикално организирани укажувања. Во најголем број случаи, низ дебатите и интервјуата до израз доаѓаа искуството и професионализмот на новинарите, а како исклучително важни се покажаа новинарските прилози и посебните актуелно-информативни емисии во кои поттикнувачи и двигатели на објективната анализа на општествено-политичките состојби во различни ресори беше методолошки засновано, проверливо истражување на граѓански сектор или на странска институција со реален (финансиски/консултативен) удел во домашните процеси. И овојпат, во мониторираниот период беше забележано отсуство на „втората страна“ во дебати и интервјуа кај некои медиуми.

Во овој период не беа констатирани прекршувања на Изборниот законик и Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, од страна на радиодифузерите. Што се однесува до лицата со оштетен слух, единствено МРТ 1 и ТВ 24 Вести обезбедија превод на знаковен јазик во едно од своите изданија на вестите. Извештајот од мониторингот на медиумското претставување за периодот од 8 март до 3 април 2024 година е достапен на линкот.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ



# *NEWSLETTER*

Во текот на првиот круг од изборната кампања за Претседателските избори 2024 година, при мониторингот над изборното медиумско претставување на програмата на ТВ Клан Мацедониа, емитувана во периодот од 4 до 22 април, Агенцијата констатираше прекршување на член 75 став 1, а во врска со член 75 став 4 алинеја 1 од Изборниот законик, односно телевизијата не обезбеди информирање за изборниот процес во формат достапен за лицата со попреченост, односно со користење знаковен јазик, титлови, тонски опис или други алатки за обезбедување пристапност, ниту во најмалку едно издание на вестите на дневно ниво, ниту во друга програмска содржина на неделно ниво емитувана во периодот од 16:00 до 24:00 часот.

Кај ТВ Клан Мацедониа, Агенцијата констатираше прекршување и на член 76-б став 3, а во врска со член 69-а став 2 од Изборниот законик, на програмата емитувана на 23 и 24 април, односно при известувањето за време на изборниот молк за првиот круг од изборната кампања за Претседателските избори, телевизијата во повеќе свои програми/содржини емитуваше информации и аудиовизуелни материјали поврзани со или во кои учествуваат учесници во изборите. За двете прекршувања, беше покрената прекршочна постапка.

Во два наврати преку соопштенија за јавност, Агенцијата ги потсети радиодифузерите на правилата од Изборниот законик. На 9 април беше информирано дека со мониторингот на изборното медиумско претставување за Претседателските избори 2024 година, беше констатирано дека спротивно на член 76 став 3 од Изборниот законик, во платено политичко рекламирање на претседателските кандидати Стево Пендаровски и Бујар Османи учествуваат малолетници. Во соопштението беше посочено дека за содржината на платеното политичко рекламирање се одговорни нарачателите, но радиодифузерите се одговорни за законитоста на неговото емитување. На 22 април, Агенцијата потсети дека од вечерта на полноќ започнува изборниот молк за првиот круг од Претседателските избори 2024 година кој трае до 19 часот на 24 април. Беше посочено дека за време на молкот, запира медиумското покривање во вестите и во посебните-информативни емисии на учесниците во изборните кампањи и за Претседателските и за Парламентарните избори, но е дозволено емитување бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање на учесниците во изборната кампања за Парламентарните избори. Сите извештаи и материјали поврзани со Претседателските и Парламентарни избори се достапни на веб страницата www.avmu.mk, во посебниот банер „Избори 2024“.

## Соопштенија за јавност

На 18 април најостро беше реагирано на обидот на ТВ Алфа да изврши притисок врз регулаторното тело преку објава на злонамерна информација во емисијата „Заспиј ако можеш“, премиерно емитувана на 16 април, каде новинарот Горан Момировски, меѓудругото тврдеше дека Агенцијата се меша во уредувачката политика на ТВ Алфа, и дека неформално ѝ се заканува на ТВ Алфа дека може да биде затворена доколку нема „*некаква избалансираност којашто е многу субјективна*“. Во реакцијата меѓу останатото беше посочено дека од почетокот на изборната кампања за Претседателските избори, вработени во ТВ Алфа во повеќе наврати се обратија до Агенцијата за појаснување на одредбите од Изборниот законик, и на секое нивно барање навремено беше одговорено. Во однос на констатацијата на новинарот дека од АВМУ произлегува критериумот според кој на радиодифузер нема да му биде обновена дозволата за емитување доколку не известува избалансирано во текот на еден изборен процес, беше потенцирано дека тоа е критериум којшто е пропишан во ЗААВМУ. Агенцијата побара од ТВ Алфа, одговорот на АВМУ на тврдењата на новинарот Горан Момировски да биде објавен во првото наредно издание на емисијата „Заспиј ако можеш“.

Во врска со информацијата од ТВ Ускана Медија дека на новинар на оваа телевизија не му било дозволено да снима прилог во врска со бројот на ученици и вработени во Основното училиште Наим Фрашри од село Пирок, Општина Боговиње, Агенцијата на 18 април потсети дека институциите треба да бидат отворени и транспарентни и да вложат максимални напори на претставниците на медиумите да им овозможат непречен пристап до бараните информации. Во соопштението беше посочено дека медиумските работници при вршењето на својата работа која е од јавен интерес, треба да се ослободени од какви било закани и заплашувања додека истовремено треба да покажат професионална одговорност и да ги почитуваат етичките и новинарски принципи и стандарди при известувањето.

На 12 април Агенцијата го осуди етикетирањето и дискредитирањето на ТВ Канал 5 преку објава на претседателот на политичката партија Левица Димитар Апасиев на социјалната мрежа Фејсбук. Во соопштението беше посочено дека со објавата, лидерот на Левица покажува крајно недоличен однос, ја загрозува слободата на информирање и го нарушува достоинството на медиумските работници. Користењето на вулгарни фрази, како и изрази со кои може да поттикне говор на омраза од страна на неговите следбеници на социјалните мрежи е крајно неприфатливо и може да ја загрози сигурноста на медиумските работници. Политичарите и носителите на јавни функции мора да свесни за тежината на искажаните зборови и одговорноста што ја имаат пред граѓаните и да покажат највисоко ниво на почитување на новинарската професија и на медиумите. Ова е дел од стандардите утврдени во Кодексот на однесување во онлајн сферата за време на изборни процеси и референдуми, на чие почитување политичката партија Левица доброволно се обврза.

Во врска со случајот поврзан со новинарот Фуркан Салиу, Агенцијата на 7 април го повика Министерството за внатрешни работи веднаш, односно во најскоро време да го расчисти случајот и да ја информира јавноста за причините за неговото приведување. Истовремено, Агенцијата потенцираше дека очекува Министерството за внатрешни работи доследно да ги почитува законските процедури и правата на новинарот Салиу, а политичките партии да не го користат овој случај за дневно партиски цели, за да не се шират шпекулации и дезинформации се до целосно расчистување на случајот.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ



# NEWSLETTER

На 5 април преку соопштение за јавност беше осуден вербалниот напад на новинарка и снимател од ТВ 24 Вести од страна на непознато лице, за време на партискиот митинг на ВМРО ДПМНЕ. Агенцијата неколкупати досега реагираше за ваквите случаи и повторно потсети дека напад врз новинарите од кој било вид е апсолутно неприфатлив и дека новинарските работници не смеат да бидат попречувани во вршењето на нивните професионални задачи.

## Надзори врз радиодифузери, ОЈЕКМ, даватели на АВМУ по барање и печатени медиуми

### Радиодифузери

Агенцијата изврши редовен административен надзор врз сите 99 радиодифузери коишто емитуваат телевизиска или радио програма, за обврската до 31 март на посебен образец да и достават податоци за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници, изворите на финансирање во претходната година остварените вкупни приходи и расходи во претходната година од обезбедувањето на дејноста и за просечната гледаност или слушаност во претходната година. Надзорот покажа дека оваа обврска не ја исполнија радио Галакси-2002 од Кавадарци и радио Про-ФМ од Гостивар. Извршен е и редовен административен надзор врз 98 радиодифузери за обврската најдоцна до 31 март да објават податоци за сопственичка структура, уредништво и извори на финансирање во претходната година. Со надзорот беше констатирано дека обврската ја исполниле сите радиодифузери.
За да се констатира дали некој радиодифузер извршил промена во сопственичката структура без претходно да ја извести Агенцијата и пред истата да биде одобрена од страна на АВМУ, извршен е вонреден административен надзор врз 40 телевизии. Со надзорот беше констатирано дека нема прекршувања на ЗААВМУ. Вонреден административен надзор за исполнувањето на обврските од ЗААВМУ и Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување е извршен врз Г-ТВ Телевизија од Гостивар, каде беше констатирано дека одговорниот уредник на телевизијата е вработен кај радиодифузерот во редовен работен однос и со полно работно време.

### Оператори на јавни електронски комуникациски мрежи

Агенцијата изврши редовен програмски надзор врз операторите Датаком ЈВ, Македонски Телеком, Неотел и Спајдер за обврската во програмскиот пакет којшто го реемитуваат задолжително и бесплатно да ги обезбедат програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис, како и за обврските за регистрација на програмски сервиси во Агенцијата и титлување на програмите коишто ги реемитуваат. При надзорите не се констатирани прекршувања.

### Даватели на АВМУ по барање

За обврските коишто се однесуваат на пренесување на кинематографски дела и заштита на малолетните лица, извршен е редовен програмски надзор врз давателите на АВМУ по барање Македонски Телеком, А1 Македонија, Свод Мастер и Мтел. При извршениот програмски надзор не се констатирани прекршувања.

### Печатени медиуми

Агенцијата спроведе редовен административен надзор врз 21 издавач на печатен медиум со цел да констатира дали истите ги објавиле податоците за сопственичката структура, податоците за називот и седиштето на правните лица или името и местото на престојување на физичките лица кои се сопственици на акции или на удел кај издавачот на медиумот со податоци за процентот на акциите или уделот кој го стекнале и датумот на стекнување, кои се должни да ги објават во најмалку еден дневен весник, еднаш годишно, најдоцна до 31 март во тековната година и исечок од објавата да му достават на надлежното регулаторно тело во рок од 15 дена од денот на објавувањето. Надзорот покажа дека печатените медиуми ги исполниле законските обврски.

### Изречени мерки јавна опомена

Врз основа на констатации од надзор, Советот на Агенцијата на 14-та седница одржана на 8 април 2024 година, донесе две Решенија за изрекување на мерка јавна опомена. Едното за кабелскиот оператор СПАЈДЕР ДОО од Гевгелија за реемитување програмски сервис којшто не е регистриран во Агенцијата, и второто за печатениот медиум КОЛОР МЕДИА ПЛУС од Скопје издавач на “The Economist” затоа што во изданието бр.6 од декември 2023 година не ги објавил податоците за адресата на седиштето на издавачот на печатениот медиум и податоците за адресата на уредништвото.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ул. Македонија бр. 38, 1000 Скопје
тел. (02) 3103400 факс: (02) 3103401
е-пошта: contact@avmu.mk веб страница: www.avmu.mk

INTERCERT system certification ISO 9001: 2015 CERTIFIED Q-028/2018